Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 7, 12 мај 2008 година

мај 2008
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на кандидат за асистент во наставно-научната област *ботаника* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип .............. 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област *растителна физиологија со биохемија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип .............. 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област *историски науки* на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип .............. 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Меѓународна економија” од доц. д-р Ристо Фотов – Економски факултет .............. 19

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Математика” од авторките д-р Татјана Атанасова-Пачемска, м-р Билјана Златановска и Лимонка Лазарова, наменет за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип .............. 22

**РЕЦЕНЗИЈА** за оценка на докторската дисертација „Еволуција и стратиграфија на палеогенот на територијата на Република Македонија” од м-р Виолета Стојанова, Факултет за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип .............. 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на трудот „Практикум по статистика” од проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов .............. 28
31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на трудот „Збирка на решени задачи по статистика” од проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов .............. 34
37

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „МАТЕМАТИКА” ОД АВТОРКИТЕ Д-Р ТАТЈАНА АТАНАСОВА-ПАЧЕМСКА, М-Р БИЛЈАНА ЗЛАТАНОВСКА И ЛИМОНКА ЛАЗАРОВА, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука број 0210 – 659/27, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на својата редовна седница, одржана на 27 ноември 2007 година, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Никита Шекутковски, редовен професор на Институтот за математика при Природно- математичкиот факултет во Скопје, и д-р Трајче Мицески, редовен професор на Економскиот факултет во Штип, за рецензија на приложениот ракопис **„Математика“** од авторките д-р Татјана Атанасова-Пачемска, м-р Билјана Златановска и Лимонка Лазарова, наменет за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Трудот во ракопис „Математика“ е пишуван според наставната програма по предметот Математика, кој се изучува во прва година на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Трудот ги обработува основните теории и концепти на современата математичка наука, кои се неопходни во оформувањето на профилот дипломиран економист. Од теоретски и практичен аспект, во него се обработуваат елементи од математичката логика, теоријата на множества, реалните броеви, низи (со посебен осврт на аритметичката и геометриската прогресија, како низи кои се употребуваат во економијата) и редови, реални функции со една и повеќе променливи, примена на функциите во економијата, елементи од комбинаторика, елементи од линеарна алгебра.

Со посебно внимание авторките ги обработиле реалните функции и дале практично толкување на сите воведени поими во економската теорија и практика, што на студентите ќе им ја приближи примената на математичките методи и инструменти во толкувањето на резултатите добиени од економските анализи и истражувања. При дефинирањето на поимите: гранична вредност на функција, непрекинатост, извод, определен интеграл, користен е модерен математички пристап со што го одликува ракописот од сличните досега употребувани на државните универзитети во Р. Македонија.

Трудот содржи и доволен број на решени примери кои на студентите ќе им помогнат да ги совладаат методите и техниките на решавање на математичките проблеми во економски контекст.

Трудот содржи и задачи кои се делумно решени или пак не се решени, а се наменети за самостојна работа на студентите. Со тоа ќе се постигне поголема ефикасност и ефективност во совладувањето на наставниот материјал по предметот Математика, но и во совладувањето на други применети математички дисциплини – статистика, економетрија, финансии и други.

Забелешките укажани од рецензентите се прифатени од страна на авторките и истите ќе бидат внесени во конечната верзија на ракописот.

**З А К Л У Ч О К**

Сметаме дека приложениот ракопис **„Математика“**, наменет за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од авторките **д-р Татјана Атанасова-Пачемска, м-р Билјана Златановска и Лимонка Лазарова** ги задоволува условите за учебник.

Предлагаме истиот да биде печатен како учебник за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Р е ц е н з е н т и:**

**Д-р Никита Шекутковски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.**

**Д-р Трајче Мицески, редовен професор на Економскиот факултет во Штип, с.р.**